ЕСЕН 2005 й МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП - ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ стр. 3

ПРВ СОСТАНОК НА ИНТЕРМИНИСТЕРСКА РАБОТНА ГРУПА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНОТО УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА стр. 4

РАБОТИЛНИЦА И КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА "ЧИСТИ ГОРИВА И ВОЗИЛА" стр. 5

ПРОМОТИВЕН ДЕН НА РЕЦ ВО МАКЕДОНИЈА- 15 ГОДИНИ РЕЦ стр. 6



ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПРЕКУ ПЛАНИРАЊЕ И ИНВЕСТИЦИИ стр. 8

# СРЕЌНА НОВА 2006 ГОДИНА



***Почитувани пријатели,***

Уште една успешна и плодна година е скоро зад нас. Броејќи ги последните денови сите ние ги броиме и нашите успеси и постигнати резултати во 2005 год.

Канцеларијата на РЕЦ оваа година имаше многубројни активности и со нивното реализирање уште повеќе придонесе кон заштита и унапредување на животната средина. Оваа година Регионалниот Центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа ја одбележа 15 годишнината од своето постоење со многубројни активности. Една од тие активности беше организирана и од страна на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Исто така оваа година нашата канцеларија се пресели во нови простории во кои се надеваме дека ќе ја продолжиме нашата успешна соработка и ќе понудиме поквалитетни програми.

Се надеваме дека идната 2006 година РЕЦ заедно со сите општествени чинители, локалната самоуправа, НВОи како и централната власт ќе придонесеме и ќе дадеме се од себе во напорите на Република Македонија кон приближување до Европската Унија.

Во свое име и во името на сите вработени во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија би сакала да Ви ја честитам Новата 2006 година и да Ви посакам успех и среќа во Вашата понатамошна работа.

***Катарина Стојковска***
Директор на
Канцеларијата на РЕЦ
во Македонија

**Издава:**
Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка припрема:**
Столе Георгиев
**Лектура:** Марина Орцанова
**Печати:** РИ-Графика
**Тираж:** 250 примероци

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел/факс: 02 3090 135, 3090 136
3060 146 и 3060 147
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП - ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ

Активностите на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија кои се однесуваат на проектот "Развивање на Локални еколошки акциони планови (ЛЕАПи) во Република Македонија" се интензивираа во периодот октомври-ноември 2005 год. Како што веќе беше најавено во претходниот број, на 17-18 октомври 2005 година во Охрид беше организирана третата Регионална средба на тема "Имплементација на ЛЕАП - предизвици и можности".



Средбата беше отворена од Извршниот Директор на РЕЦ, г-ѓата Marta Szigeti Bonifet, Министерот за животна средина и просторно планирање, г-динот Зоран Шапуриќ, како и директорката на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија г-ѓата Катарина Стојковска. На состанокот присуствуваа претставници на општините кои работат на развивање на ЛЕАП во Албанија, Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина и Македонија. Исто така беа присутни и претставници на Канцелариите на РЕЦ од Унгарија, Хрватска и Косово(УНМИК). Свои презентации имаа презентери од разни институции/донатори: претставник на EBRD, претставник на UNDP, консултанти како и претставник на Sida. Гостин на отварањето беше и Амбасадорката на Шведска во Македонија г-ѓата Ulrika Coronenberg-Mossberg.



Основна цел на средбата беше размена на искуства и дискусија за предизвиците и можностите кои се на располагање во земјите од регионот а кои се однесуваат на спроведување на ЛЕАПи, односно реализација на проекти од областа на животната средина на локално ниво. Со цел подобро запознавање на учесниците со работата на една општина од Македонија, која работи на развивање на ЛЕАП, беше организирана посета на терен во општина Дебрца, односно во селото Белчишта и неговата околина, каде што учесниците имаа можност да ги посетат сите културно историски споменици и значајни локалитети и да дознаат повеќе за самата општина како и за нашата земја.

Во изминатиов период општините продолжија со финализирање на нивните акциони




Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, Г-дин Сокол Митревски ја образложи постигната работа за ЛЕАПите во Општините.

планови, пишувањето на ЛЕАП документот, јавни расправи на истиот, како и реализирање на активностите со кои треба да го завршат процесот до крајот на месец јануари 2006 год. Потоа ќе следи печатење на ЛЕАП документите и нивна промоција, после што ќе се пристапи кон реализирање на последната фаза а тоа е имплементација на една приоритетна активност во рамките на секоја од општините.

Контакт лица:
**Јордан Бајрактаров**
*Раководител на Проектот*
e-mail:jordan@rec.org.mk
и
**Марина Орцанова**
*Асистент на проектот*
e-mail:marina@rec.org.mk

## ПРВ СОСТАНОК НА ИНТЕРМИНИСТЕРСКА РАБОТНА ГРУПА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНОТО УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа и Министерството за животна средина и просторно планирање организират прв состанок на кој ќе се формира Интерминистерска Работна Група, со претставници од релевантни Министерства и Институции од Република Македонија надлежни за спроведување на Архуската Конвенција како и претставници на невладиниот сектор а со задача да го следи спроведувањето на проектот "*Подобрување на пракричното учество на јавноста: Следни чекори во имплементацијата на Архуската конвенција во Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Македонија и Косово*". Проектот е финансиран од Холандското Министерство за надворешни работи и ќе трае до месец декември 2006 година.

Овој проект е дефиниран врз база на резултатите од претходниот проект: "Подршка на развој на стратегии за имплементација на Архуската конвенција во Југо-Источна Европа", во рамките на Регионалната Програма за Реконструкција на Животната Средина за Југоисточна Европа (РЕРеП) дел од Пактот за Стабилност, како негово продолжение.

Активностите на проектот се пред се фокусирани на практичната имплементација на вториот столб од Архуската Конвенција, односно неговото спроведување ќе овозможи подобрување на практичното учество на јавноста во процесот на донесувањето на одлуки во областа на животната средина. Првата задача во рамките на проектот беше изготвување на предлог Работен план во кој се наведени целите на проектот, со предвидени задачи и активности, кои треба да се спроведат за време траењето на истиот. Работниот план како и ревидираната Стратегија за имплементација на Архуската Конвенција согласно новиот закон за животна средина, ќе бидат претставени пред члeновите на Интерминистерската работна група со цел усвојување на овие документи.

Првиот работен состанок на Интерминистерската работна група ќе се одржи на 08 декември 2005 год. (четврток) во просториите на РЕЦ канцеларијата во Македонија.

Контакт лице:
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на Проекти*
e-mail:kornelija@rec.org.mk

## ДОДЕЛЕНИ ДВА ГРАНТА НА НВОи ЗА АРХУСКА КОНВЕНЦИЈА

Во рамките на проектот РЕРеП 2.2 "Градење на Стратегија за Имплементација на Архуската Конвенција во Република Македонија" со наслов " Подобрување на Практиките Учество на Јавноста: Следни чекори во Имплементација на Архуската Конвенција во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Црна Гора и Косово (УНМИК), Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа во септември оваа година објави повик за апликации за национални Пилот проекти.

Во рамките на проектот две невладини организации од Македонија добија финансиска помош за учество во практичното имплементирање на Архуската Конвенција на локално ниво, на полето на Пристап до информации и Учество на јавноста во Процесот на донесување на одлуки за животна средина.

Пилот проектите кои што ќе бидат финансирани во рамките на овој проект се: " Систем за донесување на одлуки поврзани со животната средина" на невладината организација ОРТ- Здружение за обука, информации и одржлив развој од Скопје и "Заедно до чиста животна средина" на невладината организација Центар за Пермакултура и Мироградба од Штип. Проектните активности ќе се изведуваат во рок од шест месеци, почнувајќи од месец јануари, 2006 година.

За сите дополнителни информации во врска со проектот и со напредокот во процесот на имплементација на Архуската Конвенција во Република Македонија можете да се обратите во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Проектот е финансиран од страна на Министерството за Надворешни Работи на Холандија.

Контакт лице:
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на Проекти*
e-mail:kornelija@rec.org.mk

# РАБОТИЛНИЦА И КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА "ЧИСТИ ГОРИВА И ВОЗИЛА"

Во присуство на голем број претставници на владини институции, рафинерии, истражувачки институти, експерти од областа, невладини организации, производители на автомобили и асоцијации на увозници на автомобили од земјите на Централна и Источна Европа и Турција во периодот 25-28 октомври 2005г. се одржаа два настана во континуитет со главна тема на дискусија: *"Како до подобар квалитет на горивата а со самото тоа и подобрување на квалитетот на воздухот во регионот?"*

Домаќин на настаните беше Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, Сентендре, Унгарија како координатор на активностите на Партнерството за чисти горива и возила за Централна и Источна Европа (ЦИЕ) и Турција.

Партнерството за чисти горива и возила е формирано веднаш после одржувањето на Светскиот Самит за Одржлив Развој во Јоханезбург 2002 год. со цел да помогне на глобално ниво при намалувањето на загадувањето на воздухот од мобилни извори во земјите во развој и промоција на употребата на чисти горива и возила. Информации за активностите на Партнерството за чисти горива како и можноста за пристапување кон истото, можат да се најдат на веб страната: http://www.unep.org/pcfv

За време на одржувањето на Работилницата и Конференцијата за чисти горива беше промовирана мисијата на Партнерството за чисти горива и возила како и можноста за пристапување од страна на сите заинтересирани страни од државите во ЦИЕ и Турција.

Во рамките на Работилницата беше направен преглед на состојбите со квалитетот на горивата, постоењето на национални планови и акции за подобрување на квалитетот на горивата, институционалната поставеност на надлежните институции за следење на квалитет на горивата, можноста на рафинериите да го следат барањето на се построгите стандарди во однос на содржината на важните т.н. "еколошки " параметри на квалитетот на горивата. Македонија беше претставена со презентација за придобивките од спроведувањето на Основниот План за намалување на оловото во бензините (2003-2004) како и потребата за продолжување на предвидените активности, со цел целосна елиминација на оловото во 2006 год.

На Конференцијата за чисти горива покрај проширениот број на земји учеснички (присуствуваа и претставници од Латвија, Естонија, Словачка, Чешка, Литванија, Словенија) присуствуваа и потенцијални донатори (USEPA, International Fuel Quality Center, FIA Foundation, UNDESA, UNIDO, UNEP).

На Конференцијата беа презентирани технолошките, финансиските и правни аспекти поврзани со производството на чисти горива, емисиите од мобилни извори, развојот на квалитетот на горивата во ЕУ, глобалниот тренд во стандардите за чисти горива и возила како и производството на биодизел гориво.

Работата во три работни групи (Елиминација на оловото од бензините/ Редукција на сулфурот во горивата/Чисти возила) донесе конкретни акции на кои треба да се работи во следниот период со техничка и финансиска поддршка од донаторите.

Сите земји учеснички учествуваа во донесувањето на Заедничката Изјава, која ги содржи сите потребни акции кои произлегоа од работата во работните групи како и заклучоците дека:

-Потребна е координирана национална и регионална акција за подобрување на квалитетот на горивата и намалување на емисиите од мобилни извори;

-Квалитетот на горивата и возилата како и прашањата за јавниот транспорт, треба да бидат интегрирани во националните и локални планови за развој во секоја земја;

-Потребно е зголемено учество на земјите од Централна и Источна Европа и Турција во Партнерството за чисти горива; Сите учесници на Конференцијата се охрабруваат да станат членки;

-Воспоставена е регионална мрежа на експерти и практиционери, со цел да се спроведат акциите наведени од страна на трите работни групи; Регионалниот центар за заштита на животната средина ќе го води процесот на работа на мрежата.

Македонија беше претставена со презентација на потребата од финансиска и техничка поддршка на активности во поглед на усвојувањето на новите ЕУ стандарди, за подобрување на квалитетот на горивата и донесувањето на нов Правилник за квалитет на течни горива. Македонскиот тим се состоеше од претставници од Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Рафинерија "ОКТА" и Канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

Пристапувањето на Македонија во Партнерството за почисти горива и возила ќе отвори можности да се обезбеди финансиско, институционално и техничко зајакнување при развој на националните капацитети за формулирање, иницирање и спроведување на стратегии и планови за подобрување на квалитетот на горивата во нашата земја.

Подготвила:
**Славјанка Пејчиновска-Андонова**
*Раководител на Проекти*
e-mail:slavjanka@rec.org.mk

# ПРОМОТИВЕН ДЕН НА РЕЦ ВО МАКЕДОНИЈА - 15 ГОДИНИ РЕЦ



Момент од Говорот на Г-ѓа Marta Szigeti Bonifet - Иавршен Директор на РЕЦ и Г-дин Зоран Шапуриќ Министер за животна средина и просторно планирање, при засадувањето на дрвата во Паркот на Толеранција.



Прес конференција за новинарите, на која зборуваа Извршниот Директор на РЕЦ , Министерот за животна средина и просторно планирање како и Директорите на локалните Канцеларии на РЕЦ во Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора и Хрватска.



Момент од предавањето на Машинскиот Факултет - Директорот на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија Г-ѓа Катарина Стојковска имаше воведен говор за присутните, пред да отпочне Предавањето на Г-ѓа Marta Szigeti Bonifert.

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) оваа година ја одбележува својата 15 -годишнина и организира промотивни денови во земјите каде што има свои канцеларии.

По тој повод Извршната директорка на Главната Канцеларија на РЕЦ од Сентендре, Унгарија г-ѓа Marta Szigeti Bonifert ја посети на Република Македонија и притоа свечено бише одбележана 15-годишнината на организацијата со пригодни настани на 19 октомври 2005 година.

Делегација на РЕЦ составена од Извршниот Директор на РЕЦ од Унгарија, придружувана од Министерот за животна средина и просторно планирање г-динот Зоран Шапуриќ, Заменик Министерот за животна средина и просторно планирање Г-дин Драгољуб Матовски, Директорите на Канцелариите на РЕЦ за Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора и Хрватска, како и претставници на Амбасадите во Република Македонија од истите земји, го посетија "Паркот на Толеранција" и засадија специфични видови растенија од нивните држави. По тој повод свечени говори одржаа г-ѓа Marta Szigeti Boniver, Извршен Директор на РЕЦ и г-динот Зоран Шапуриќ.

Веднаш потоа, во 12:30 часот во Просториите на РЕЦ се одржа Прес-конференција за новинарите на која беа презентирани главни постигнувања на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа во досегашното постоење и најнови програмски планови на РЕЦ за следните години. Овој момент беше искористен за потпишување на Договор за проектот *"Развивање на Национална Стратегија за имплементација на Кјото Протоколот во Република Македонија"*. Попладнето, г-ѓа Bonifert во Амфитеатарот на Машинскиот Факултет во Скопје одржа предавање на тема: "Интегративен процес кон ЕУ во областа на животната средина: нови улоги за ефикасни резултати". По што се разви дебата помеѓу присутните на оваа предавање. На ова предавање присутни беа голем број на студенти, професори, експерти од областа на животната средина, претставници на Невладните Организации и други заинтересирани страни од Македонија

Промотивниот ден заврши со Свечено отварање на Новите Простории на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, при што беше организирана пригодна коктел-вечер за присутните гости.

По повов овој настан беше промовирана публикацијата Доситгувања, во која се опфатени позначајните проекти и активности на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија во изминатиов период.

Подготвил:
Столе Георгиев

**В**аши Екселенции, дами и господо!

Дозволете ми да ги цитирам зборовите на г-динот Владо Бучковски, Претседател на Владата на Македонија, изговорени на министерското генерално собрание на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, одржан во Сентендре по повод петнаесет годишнината од неговото постоење:...”Нема сомневање дека ништо не ги обединува земјите повеќе од заедничките напори за заштита на животната средина. Во овој процес нема политика и нема конфликт на интереси. Постои само една цел - заштита на регионот. Одличен пример за оваа е петнаесетгодишниот јубилеј на Регионалниот центар за заштита на животната средина, кој успеа да ги обедини земјите на Југоисточна Европа да работат заедно за својата иднина...”

Овој цитат е потврда за нашите напори во изминативе 15 години. Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, како (политички) неутрална, непропагандна и непрофитна организација, преку својата мисија помага во решавањето на еколошките проблеми во Централна и Источна Европа.

Владите или меѓународните организации на можат сами да ги решат еколошките проблеми. За тоа е потребно партнерствои дијалог на сите инволвирани чинители - во рамките на еден долг и деликатен процес. Потребна е соработка не само на локалните туку и на регионалните, па дури и на глобалните иницијативи.

Тоа е причината зошто овој настан денес ми причинува големо задоволство: засадувањето на оваа дрво со моите колеги од регионот на Југоисточна Европа не само што ја симболизира важноста на заштитата на животната средина, туку и постојаната потреба од соработка и надвор од нашите граници.

Мораме да се свртиме со поголемо чувство на одговорност едни кон други, кон животната средина, кон нашите заедници, кон нашата заедничка иднина. Тоа од нас го бараат идните генерации, тоа од нас го очекува целото човештво, вклучувајќи ја и нашата поблиска заедница Европа.

Драги Пријатели!

Заедно со овие размислувања посакувам регионот на Југоисточна Европа и особено Република Македонија да ја зачуваат својата изворедна биолошка разновидност, економските стилови на животот, подготвеноста за преструктуирање и за воведување нови политики во текот на процесот на приближување до ЕУ, како резултат на што ќе постанат не само еколошки избалансирани земји туку и одржливи економски.

Говор на:
Г-ѓа Marta Szigeti Bonifert
Извршен Директор на РЕЦ
По повод засадувањто на дрва
во Паркот на Толеранција
19 Октомври 2005 година, Скопје



Свечен коктел во новите простории на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Директорот Г-ѓа Катарина Стојковска ги пречекува гостите.

**В**о рамките на Прес конференцијата на 19ти октомври 2005год., свечено беше потпишан договор меѓу Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, Канцеларијата на UNDP во Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање за соработка при спроведување на активности во рамките на проектот “Развивање на Национална Стратегија за имплементација на Кјото Протоколот во Република Македонија“.

Целта на проектот е да се помогне на Владата на Р. Македонија во поставувањето на најсоодветна национална правна и институционална рамка за одвивање на Механизмот за Чист Развој и идентификација на секторите и типовите на проекти кои ќе придонесат кон намалување на емисиите на стакленички гасови во нашата земја.

Улогата на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија е да овозможи активно учество на сите заинтересирани страни во процесот на подготовка на институционална рамка за заживување на CDM Механизмот во кој нашата земја може да учествува како земја која ги има ратификувано Кјото Протоколот и е Стана на Конвенцијата за Климатски промени.

Финансиските активности на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија се поддржани од страна на Јапонскиот Специјален Фонд во висина од 40.700 ЕУР.




Потпишување на договорот од страна на Г-дин Зоран Шапуриќ (Министер за животна средина и просторно планирање), Г-дин Frode Mauring (Претставник на UNDP во Македонија), Г-ѓа Катарина Стојковска (Директор на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија)

## ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПРЕКУ ПЛАНИРАЊЕ И ИНВЕСТИЦИИ

Во продолжение на активностите на проектот "Прекугранична Соработка преку Планирање и Инвестирање во обласа на Животната Средина" Регионалниот Центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, канцеларијата во Македонија во периодот од 20 до 22 Септември, 2005 година организираше работилница во Дебар. На работилницата учествуваа главните општествени чинители од општината Дебар и од соседната општина Пешкопеја од Република Албанија, кои што имаа за цел да придонесат кон детална идентификација на проблемот дефиниран како третманот на отпадни води и канализација во Дебар, како и обемот на инвестицијата потребна за решавање на тој еколошки проблем.

Работилницата започна со потпишување на Меморандум за соработка и разбирање помеѓу РЕЦ и Општина Дебар за соработка на овој проект а ист таков Меморандум беше потпишан и помеѓу Канцеларијата на РЕЦ во Албанија и Општина Пешкопеја. По завршувањето на дводневната работилница беше организирана јавна расправа на која што беа презентирани резултатите и идентификуваните проблеми.

Во моментов во рамките на проектот се изработува Проценка на моменталната состојба во Општината со отпадните води што ќе служи како појдовна точка во изработка на физибилити студија за изработка на пречистителна станица за отпадни води во Општина Дебар.

Контакт лице:
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на Проекти*
e-mail:kornelija@rec.org.mk



Потпишување на Меморандумот за Соработка помеѓу Градоначалниците на Општина Дебар и Општина Пешкопеја

## РАЗВИВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КЈОТО ПРОТОКОЛОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Веднаш по потпишувањето на трипартитниот договор меѓу Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, Канцеларијата на UNDP и Министерството за животна средина и просторно планирање започнаа активностите во рамките на проектот *"Развивање на Национална Стратегија за имплементација на Кјото Протоколот во Република Македонија"*.

Првата планирана активност опфаќа подготовка на Матрица со сите заинтересирани страни - институции, фирми, консултантски куќи, професионални асоцијации, финансиски институции и НВО-и кои имаат одговорности, искуство и интерес да се вклучат во проектните активности.

Со цел да се идентификуваат сите заинтересирани страни и национални експерти, кои работат во проблематиката климатски промени од страна на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија се подготви Формулар за Матрица на заинтересирани страни за климатски промени.

Идејата е да се идентификува улогата, надлежноста и одговорноста на секој чинител, практичното искуство, како и интересот во вклучувањето во проектот. Исто така би сакале да ги идентификуваме и националните експерти од оваа област, нивното претходно искуство како експерти од оваа област, обуките кои ги посетувале на национално и меѓународно ниво и интересот за вклучување во проектот.

Формуларот беше дистрибуиран до сите релевантни чинители и се надеваме на одговор до средината на декември.

Формуларот се состои од две секции:
1. Секција (I) наменета за информации околу самата институција и нејзината одговорност/искуство во обласа на климатските промени;
2. Секција (II) наменета за идентфикација на лица или поединци кои работат во области кои се вклучени во проблематиката климатски промени.

Доколку сте заинтересирани како организација, институција, фирма да бидете вклучени во Матрицата, или пак како поединец-експерт може да го симнете го Формуларот од нашата веб страна: www. rec.org.mk и пополнет испратете го на е-маил адреса: marina@rec.org.mk до 15 декември 2005 г.

Контакт лице:
**Славјанка Пејчиновска-Андонова**
*Раководител на Проекти*
e-mail:slavjanka@rec.org.mk

АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

## Конференција за Одржлив Развој на Балканот

Во периодот од 20-22 ноември 2005 година во Сараево (Босна и Херцеговина) се одржа Конференцијата "Одржлив развој на Западен Балкан". Целите на Конференцијата беа:

-Успешни примери и научени лекции од Грант Програмата на РЕЦ во земјите од Западен Балкан

-Размена на искуства меѓу НВОите и нивно идно поврзување

-Илустрирање на добри практики на НВО акција за одржлив развој и соработка со други интересни групи

-Демонстрирање на акции на регионално и национално ниво

-Давање на предлози за следни активности на РЕЦ

Како претставници од Македонија на оваа конференција учествуваа следните НВОи: ЕД "Вила Зора" од Велес, "Движење на екологисти на Македонија" - ДЕМ, "Граѓански комитет за развој" од Пробиштип и "Проактива" од Скопје, како НВОи кои имаат добиено грантови за одржлив развој и кои покажале особен успех при реализација на проектите.

На првиот конференциски ден беа презентирани најуспешни примери кои придонеле за имплементација на проектите за одржлив развој на земјите од Западен Балкан во три области:

1.Одржливи населби

2.Рурален развој

3.Добро управување како алатка за одржлив развој

Во делот на добро управување беше извршена презентација на резултатите и постигнувањата во проектот "Локална агенда 21 за општина Велес".

Вториот ден се работеше на процес на идентификација на идните активности - како НВОите можат да бидат поддржани од донаторите, вклучувајќи какви идни проекти треба да се покриваат. Исто така се разгледуваше како, базирајќи се на своите сили, НВОите можат да поддржат други актери и да го забрзаат процесот.

Подготвила:
Билјана Шуркова-Манаскова
Е.Д. Вила Зора - Велес



Претставници на Македонските НВОи кои учествуваа на НВО Конференцијата за Одржлив Развој.

## Затворање на Националната Грант Програма за НВОи за Одржлив Развој

Активностите на четиринаесете Невладини Организации кои добија финансиска поддршка за нивните проекти во рамките на Националната Програма за доделување на Грантови на НВОи за одржлив развој, се при крај. Вкупната сума на доделени средства во рамките на оваа програма изнесуваа 94,978 ЕУР, кои беа поделени во две рунди. Во првата рунда беа финансирани 6 предлог проекти со вкупна сума од 44,539 ЕУР и Втора рунда со која беа подржани 8 предлог проекти со вкупна сума од 50,439 ЕУР.

Добитници на финансиска поддршка беа: Еколошко Друштво "Вила Зора" од Велес, "Граѓански Еколошки Форум" од Скопје, Еколошко Друштво "Ареал" од Струга, "Граѓански Комитет за развој" од Пробиштип, Здружение на Граѓани "Музичка Младина" од Ресен, Здружение на Граѓани "ОРТ" од Прилеп, "Македонско Миколошко Друштво", "Еко-градинар" од Струмица, Здружение за заштита на природата "Осогово" од Крива Паланка, Еколошко Друштво "Биос" од Радовиш. "Македонско Еколошко Друштво" од Скопје, "Здружение на инженери на животата средина" од Скопје и "Движење на Екологистите на Македонија".

Во рамките на оваа Програма беа реализирани проекти кои покриваа различни теми од Областа на Одржливиот Развој. Како крајни резултати се добиени: 3 Стратегии за Одржлив Развој или Локална Агенда 21 (за Велес, Добрушево и Галичник), 1 Стратегија за Еко-туризам (Берово), Потпишан е Меморандум за соработка на Општините кои гравитираат во Осоговскиот Регион, поддршка на иницијативата за донесување на законската легислатива за ГМО во Македонија, 3 мини саеми за органски производи, 2 Водичи за Одржливо Земјоделие и Органско Производство, 1 публикација за Вовед на општините во Одржливиот Развој, Промовирање на селски туризам, Вмрежување на НВОи за Еко-туризам, семинари, работилници, обуки, кампањи итн. со што е подигнат капацитетот на Невладините Организации и Општините - Партнери во проектите за Одржливиот Развој и Одржливото управување со природните ресурси.

Сите реализирани проекти се оценети како доста успешни и ги дадоа очекуваните резултати, а за некои од нив веќе се подготвуваат продолженија од други донатори кои пројавиле интерес за одржливиот развој.

Контакт Лице:
**Столе Георгиев**
*Администратор на Грантови*
e-mail:stole@rec.org.mk

# ЕкоВести-ЕкоВести-ЕкоВ

## *4-та Годишна средба на НВОи за заштита на животната средина*

Четвртата Годишна средба на Здруженија на Ѓраѓани кои работат на полето на заштитата на животната средина се одржа во периодот од 4ти до 6ти ноември 2005 година во хотелот “Гранит“ - Охрид. На оваа средба присуствуваа 73 учесници и тоа како претставници на 29 невладини организации, 5 меѓународни организации со канцеларии во Македонија, 4 медиумски куќи, една локална самоуправа и еден претставник на Секретаријатот за Евро интеграции при Владата на Република Македонија. Како тема за оваа средба беше одбрана ***Одржливоста на македонското еколошко движење.***

Организатори на оваа средба беа Локалната Канце-



ларија на Milieukontakt во Македонија, Биосфера - Центар за Едукација заштита на животната средина и природата од Битола и мрежата на независни консултанти Коцка од Скопје, а финансирана од страна на проектот NCSA (финансиран од UNDP и Министерството за животна средина како имплементирачка страна).

Средбата официјано започна во попладневните часови во петок, на 4ти Ноември 2005 година. Протоколот го водеше Александра Пандовска од Биосфера - Битола, а вовед во целата средба и за работата даде Игор Славкоски, претставник на Милиеуконтакт за Македонија. Почесен збор во име на UNDP зема г-нот Владимир Ставриќ, Национален координатор на NSCA проектот за Македонија. По презентацијата на дневниот ред и методот на работа, гостинот од Словенија Г-дин Андреј Клеменц од Словенскиот Е-форум ја презентираше историјата на граѓанскиот сектор во Словенија и работата на еколошките здруженија од нивното основање, преку осамостојувањето на Словенија до нивното влегување во Европската Унија.

Во тие три дена се работеше на девет работилници, предложени од поединци или организации и беа донесени многу препораки и заклучоци за наредни чекори во работата на Невладините организации. Секоја работилница имаше посебна тема меѓу кои беа:

1. *Вклучување на јавноста во процесот на изработка на законска и друга регулатива за животна средина*-која ја водеше Катарина Стојковска од Канцеларијата на РЕЦ во Македонија,
2. *Зајакнување на капацитетите на здруженијата на Граѓани* - водена од Алек Карев, Жарко Коневски и Мартин Мартиновски,
3. *Вмрежување и Партнерства* - која ја водеше Нешад Әземовски од Биосфера Битола;
4. *Лобирање и Застапување* - водена од Методија Саздов претставник на Здружението на инженери на животна средина и лидер на Работната Група за позеленување на локалните избори (РГПЛИ);
5. *Еколошките НВОи и генетските модифицирани организми (ГМО) во Македонија наспроти европските трендови и кампањи против ГМО* - водена од Руска Мицева претставник на Движење на Екологистите на Македонија;
6. *Енергетска ефикасност* - заштита на околината водена од страна на Македонка Андонова и Јасминка Димитрова-Капац;
7. *Улогата на НВОи во имплементацијата на трите РИО Конвенции* - ја водеа Анита Коцоман од UNDP и Владимир Ставриќ NCSA;
8. *Скриените и неискористените потенцијали на Архуската Конвенција* - ја водеше Петар Бошевски од Еко-мисија од Скопје;
9. *Слабоста на законската регулатива и отсуство на парични и ригорозни мерки спрема загадувачите на животната средина* - водена од Маја Б. Талевски;

Покрај овие работилници беше одржана и презентација за новата Програма за мали грантови на ГЕФ од страна на Златко Самарџиев раководител на програмата.

Ваквата средба беше оценета како многу корисна од страна на присутните, за развојот и градењето на капацитетите на НВОи и меѓусебната соработа. Како што потенцираа иницијаторите, ваквите годишни средби треба да се организираат традиционално секоја година, самостојно на иницијатива и организација на локалните здруженија на граѓани.

Имено, првата годишна средба се одржа 2002 година во Маврово во организација на Milieukontak Oost Europa на тема “*Зајакнување на капацитетот на*



*Невладините Организации*“. Втората средба се одржа 2003 година на тема “*НВО кампањите за управување со цврстиот отпад.*“ Додека третата средба се одржа 2004 година во Струга, на тема “*Еколошките НВОи и локалните избори*“ која резултираше со националната кампања “*Гласај за Природата*“.

Контакт лице:
**Јулијана Даскалов**
*Милиеуконтакт*
e-mail:julijana@mkoe.org.mk

# ести-ЕкоВести-ЕкоВести

## THE REC CAPACITY BULDING PROGRAM



### The Internship Programme of the REC

This REC Program:

- Assists young environmental professionals from within and outside of the Central and Eastern European region in developing their careers;
- Improves cooperation between the REC and other organizations;
- Extends the REC's network in the region and beyond.

Interns should come from a university background. Interns may be able to work within the REC's own projects. The interns' work must be relevant to environmental topics in Central and Eastern Europe and will be carried out in concert with ongoing REC projects. During the internship, interns are assisted by a tutor from the REC staff. They have access to REC resources - such as the library, an Internet connection and e-mail - and they can take advantage of the REC's contacts in the region. The internships usually last between one and six months, though internships of more than one month are preferred. REC hosts approximately eight interns each year.

More inforamtion: http://www.rec.org/REC/Programs/Internship.html

### Course for Sustainability

This course aims to enhance the capacity of key senior government officials in the target countries to make more sustainable policies: environmentally, socially and economically. The programme is directed at senior government officials in six Central and Eastern European countries (Bulgaria, Croatia, Hungary, Poland, Romania and Slovenia).

Participants will include a broad mix of government officials from ministries of environment, water, energy, education, health, finance and interior, as well as from regional development agencies. To ensure the most relevant officials to participate, selection will be based on the existing governmental structures and responsibilities for implementing sustainable development policy.

The course enables participants to:

-join a high-level network of CEE government officials dedicated to sustainable development;
-build substance into their policy making on sustainable development; and
-develop and gain an overview of different approaches toward sustainability.

More informations: http://www.sustainablecee.net/index.html





What do you make of this?



The world is in your hands.



### Training for Young Environmental Leaders Programme for CEE

***Are you a young environmentalist, between 20 and 30 years old?***
***Do you have the potential to be a leader?***
***Are you ambitious, talented and resourceful?***
***Are you hungry to learn new skills and broaden your horizons?***
***Then the Training for Young Environmental Leaders programme has been designed for you!***

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organizational and technological methods in a stimulating international atmosphere. The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

More information: http://www.rec.org/REC/Programs/Jfellows.html

**Schedule for 2005**

| *Training period* | *Application Deadline* |
|---|---|
| January 31 – February 26, 2005 | September 3, 2004 |
| April 4 – 30, 2005 | February 18, 2005 |
| September 5 – October 1, 2005 | July 15, 2005 |

**Schedule for 2006**

| *Training period* | *Application Deadline* |
|---|---|
| January 30 – February 24, 2006 | November 25, 2005 |
| May 8 – June 2, 2006 | February 17, 2006 |

**Capacity Building Programme**
Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut 9-11
2000 Szentendre, Hungary
Tel: (36-26) 504-000
Fax: (36-26) 311-294
E-mail: Adriana@rec.org

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

**Претставување**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.



EXPERIENCE AND PARTNERSHIP

REC • 15 YEARS



Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

тел/факс: (02) 3090 135
(02) 3090 136
(02) 3060 146

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*